# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

28 јуни 2019 | Излегува по потреба | Година XIX | број 9



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПЕРИОДИЧНО ИНФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на задолжително периодично информирање на Советот на Општина Гази Баба за тековни и планирани активности на општинската администрација, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2631/1**
**од 28.06.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 16 став (1) алинеја 3 а во врска со член 29 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и петтата седница одржана на ден 21.06.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПЕРИОДИЧНО ИНФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува задолжително периодично информирање на Советот на Општина Гази Баба, за тековни и планирани активности на општинската администрација, во насока на подобрување на комуникацијата помеѓу советот на општината како претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината и градоначалникот на општината кој меѓудругото го обезбедува извршувањето на одлуките на советот, редовно го известува советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот на општината и раководи со општинската администрација.

### Член 2

Обврската за задолжително периодично информирање на советот за тековни и планирани активности на општинската администрација се однесува на воспоставените законски надлежности на општината по области, утврдени во член 22 од Законот за локалната самоуправа, односно надлежности утврдени со други закони, кои се спроведуваат од страна на органите на општината и општинската администрација.

### Член 3

Советот на општината со оваа одлука дава иницијатива и го охрабрува градоначалникот на општината да воспостави соодветна координација со советот на општината на редовна основа а најмалку еднаш месечно, на која координација во присуство на претставници од секторите и одделенијата на општинската адмнистрација, отворено ќе се дискутира за сите реализирани, тековни и планирани активности и проекти за кои треба да биде запознаен но и да расправа и одлучува советот на општината, како и за реализирани, тековни и планирани активности кои се во исклучива надлежност на градоначалникот на општината.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2418/3**
**од 21.06.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЕ СЕ ОСТВАРУВА КАКО ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГА

1. **СЕ ЗАПИРА** од објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба" Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.09-2418/4 од 21.06.2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на Дваесет и петтата седница одржана на ден 21.06.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Објавувањето на Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.09-2418/4 од 21.06.2019 година во "Службен гласник на Општина Гази Баба", се запира поради следните причини:

Одлуката за отпочнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга е одлука од општ карактер со која се одлучува за јавен интерес на граѓаните, во случајот јавното осветлување. Донесувањето на таква Одлука е во надлежност на советот.

Донесувањето на Одлука со која се поништува таквата Одлука не è во надлежност на Советот на Општина Гази Баба, од причина што еднаш донесена Одлука од општ јавен интерес објавена во Службен гласник на Општина Гази Баба произведува правно дејство од денот на објавувањето и по таквата одлука се преземени одредени дејствија. Советот на општината не е суд за да може да поништува Одлуки од општ јавен интерес, туку таква надлежност има исклучиво Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Поради наведеното, Одлуката за поништување на Одлуката за отпочнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.09-2418/4 од 21.06.2019 година нема да биде објавена во Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 08-2631/2**
**од 28.06.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за воспоставување на задолжително периодично информирање на Советот на Општина Гази Баба за тековни и планирани активности на општинската администрација . . . . . . . . . . 4

**РЕШЕНИЕ** за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 09/19**
**25 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци